Република Македонија
Министерство за правда

ДО

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 08-108/4
Скопје, 27..02.2017 год.

Влада на Република Македонија

Министерство за правда

**Управа за извршување санкции**

Димитрие Чуповски бр. 9
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 3 128 059
Фах. (02) 3 110 437

Сајт: www.pravda.gov.mk

**ПРЕДМЕТ:** Одговор на Посебен Извештај од Народен Правобранител на Република Македонија

**ВРСКА:** Ваш број: НПР бр.59/1 од 23.01.2017 година

Согласно утврдениот рок за доставување на Одговор по однос на Посебниот Извештај од Народен Правобранител на Република Македонија за општите состојби во однос на остварување на правата на жените кои се на издржување на казна затвор во КПД Идризово, Управата за извршување санкциите ги доставува следните информации:

Во однос на просторните услови за престој во Женското одделение, Ве известуваме во изминатиот период во голема мера се подобрени сместувачките капацитети во ова одделение, односно извршено е реновирање на следните делови:

- Централната кујна;
- Пекарата;
- Отворени се две мини кујни (во отворениот и затворениот дел);
- Адаптирани се 3 соби за престој;
- Санитарните јазли;
- Ходниците во затвореното одделение и
- Магацинот за брашно.

Во однос на здравствените услуги во Женското одделение, Ве известуваме дека Управата за извршување на санкциите во повеќе наврати има спроведено надзори по однос на ова прашање и ги има дадено следните препораки:

- Да се овозможи редовен пристап до лекар на сите осудени лица од женски пол на начин што ќе се овозможи присуство на лекар во просторијата за лекарски прегледи во Женското одделение, најмалку еднаш неделно, а по потреба и повеќе;
- Да се овозможат навремени лекарски прегледи и контроли на осудените лица од женски пол надвор од установатак, секогаш кога е тоа потребно;
- Да се ангажираат двајца лекари по општа медицина врз основа на склучен договор со установата, а со цел да се обезбеди редовен пристап до лекар и квалитетна здравствена заштита;
- При припрема на медикаментна терапија да се почитуваат професионалните стандарди и истата да се подготвува на дневна основа;
- Поделбата на терапијата да се врши од страна на медицинско лице според прескрипцијата на лекар;
- Замената на медикаментна терапија да се врши исклучително во консултација со лекар, особено од групата на бензодиазепини, антипсихотици, анксиолитици и друго;
- Редовно да се ажурира соодветната документација во стручното и медицинското досие на осудените лица.

Во делот кој се однесува за воспоставување на основно и средно образование, Ве известуваме дека согласно член 135 став 3 од Законот за извршување на санкциите надлежен орган за организирање на образование е Министерството за образование и наука, а установата има обврска единствено да обезбеди услови за спроведување на образованиот процес. Од тие причини, во однос на организирањето на образованиот процес Ве упатуваме да се обратите до Министерството за

образование и наука. Во контекст на ова прашање, Ве известуваме дека во сите казнено-поправните установи може во секое време да се адаптира просторија за оваа намена, во случај да биде организиран образовен процес од страна на Министерството за образование и наука.

Што се однесува на третманот на осудените лица од женски пол, а што е во надлежност на Управата за извршување на санкциите, Ве известуваме дека во рамките на Проектот „Јакнење на заштитата на правата на осудените лица" кој се имплементира од страна на Совет на Европа, а започна да се реализира од 01 јуни 2016 година, предвидена е посебна активност за третманот на ранливите категории на осудените лица, меѓу кои и за осудените лица од женски пол. Поточно, во тек е изработка на три модули за третман и тоа за: осудени лица-жени, сексуални престапници и за осудени лица на долги казни и доживотен затвор. Модулите се изработуваат со помош на меѓународни експерти ангажирани од Советот на Европа, по што ќе следи обука за нивна примена, а истите ќе се пилотираат во периодот април-јуни 2017 година со цел да се оцени нивната применливост во пракса.

**Со почит,**

**ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ**
Лидија Гаврилоска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА Управа за извршување на санкциите СКОПЈЕ

/А.Плетварец